РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 17 – 1114/2
16.06.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 49 став 2 и 4 од Законот за здруженија и фондации (“ Службен весник на РМ бр.52/10, 135/11, 55/16“) и член 67 од Статутот на Општина Бутел (“ Службен гласник на Општина Бутел“ бр.3/14 и 11/14) Градоначалникот и Одделението за јавни дејности на Општина Бутел,објавуваат

# Јавен повик

за искажување на интерес и прибирање на барања за организирање на

Турнир во Баскет 3х3 - 2023 година

1.Распределба на средствата наменети за организација на Турнир во Баскет 3х3 - 2023 година, се планирани од Буџетот на Општина Бутел за 2023 година, во програмата К4 – Културни манифестации и творештво, ставка 463120 – трансфери до спортски здруженија.

2.За организација на Турнир во Баскет 3х3 - 2023 година, од точка 1 вкупно се предвидени 240.000 денари.

3.Турнир во Баскет 3х3 - 2023 година, ќе се одржи во јуни - јули 2023 година, во Радишани - Бутел Скопје.

4. Здруженијата на граѓани кои пројавуваат интерес за доделување на средства за организирање на Турнир во Баскет 3х3 - 2023 година, треба да ги исполнат следните критериуми:

- Да се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации,
- Да извршуваат активности од обласа на спортот,едукацијата и толеранцијата меѓу младите.

5.Доколку ги исполнуваат критериумите од точка 4, Здруженијата на граѓани и фондации до Одделението за јавни дејности, преку архивата на Општина Бутел, треба да ги достават следните документи:

- Барање за доделување на средства за организација на Турнир во Баскет 3х3 - 2023 година,
- Фотокопија од решението за регистрација на здружението на граѓани и фондации,
- Предлог програма која ќе вклучува деловни активности со предвидените финансиски средства.

6.Здружението на граѓани се обврзува по завршувањето на Турнир во Баскет 3х3 - 2023 година, за доделените средства да изготви деловен и финансиски извештај и да го достави до Одделението за јавни дејности.

7.Јавниот повик за избор трае од 16.06.2023 до 25.06.2023 година, по кој период Комисијата за избор ќе го извести избраното здружение.

Комисија за прибирање на барања за организирање

Скопје,16.06.2023г.

Турнир во Баскет 3х3 - 2023 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БУТЕЛ СКОПЈЕ